Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 328, 1 септември 2023 година

септември 2023 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ **3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **16**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА **НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-117/4 од 26.6.2023 година донесена на 293. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 26.6.2023 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област ***деловно комуницирање*** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- проф. д-р Андон Мајхошев – претседател, редовен професор, вработен на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
- проф. д-р Драган Груевски, редовен професор – член, вработен на Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,
- проф. д-р Живко Андревски – член, Европски универзитет, редовен професор, во пензија.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 15.6.2023 година и во предвидениот рок се пријави **д-р Александра Жежова**, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатката вонреден професор д-р Александра Жежова, поднесена во архивата на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип е навремена, комплетна и уредна.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Александра Жежова е родена на 3 септември 1980 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје со континуиран солиден успех. Додипломските студии ги завршува на Универзитетот „Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што дипломира со средна оценка 9,79 на Филозофскиот факултет. Истата година е прогласена за најдобар студент на Филозофскиот факултет. На истиот факултет ги завршува и постдипломските студии, со највисок просечен успех 10,00, на тема „Општествените промени и стапката на самоубиства

во Република Македонија“ и се стекнува со звање **магистер по социолошки науки**. Во периодот од 2005/2006 година е демонстратор на Филозофскиот факултет. Во 2010 година, на Филозофскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ја брани докторската дисертација на тема „Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија“ и се стекнува со научен степен **доктор на социолошки науки.**

Од декември 2013 година е вработена како **доцент** (Одлука бр. 2602-1070/3 на 23.12.2013 г.) по група предмети од областа на комуникациите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и на Воена академија „Михајло Апостолски“ на прв циклус студии. Покрај редовните студии, вклучена е и во постдипломските студии на насоката Бизнис логистика и Бизнис администрација. Како **вонреден професор** (Одлука бр. 2102-398/3 од 8.10.2018) била ангажирана и на трет циклус студии на насоката Меѓународен туризам на истиот факултет.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Со Одлука бр. 2102-398/3 од 8.10.2018 година е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области деловно комуницирање и комуникации во туризмот.

Од декември 2013 до 2018 година е вработена како **доцент** по група предмети од областа на комуникациите на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2602-1070/3 на 23.12.2013 г.) и на Воена академија „Михајло Апостолски“ на прв циклус студии (Социологија и Воена психологија), (Одлука бр.03-11/157). Од 2018 г. до сега, д-р Жежова е вонреден професор од областа на комуникациите на ФТБЛ при УГД во Штип (Одлука бр. 2102-398/3 од 8.10.2018 г.).

Од приложената документација се гледа дека д-р Александра Жежова има солидни познавања од англискиот јазик.

***Општи услови за избор во звање редовен професор***

1. Просечен успех: додипломски студии 9,79 и на постдипломски студии 10,00.

2. Научен степен: доктор на социолошки науки. Докторската дисертација на тема „Информирањето на печатените медиуми за современите морални предизвици во Република Македонија“, одбранета на 30.4.2010 година на Филозофскиот факултет - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

3. Претходен избор во звање: со Одлука бр. 2102-398/3 од 8.10.2018 година, д-р Александра Жежова е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области деловно комуницирање и комуникации во туризмот.

4. Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Boskov,T. **Zezova,A**. Serafimova, M. | *Career Management and New Organization Perspectives.* (2018) | Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), SCOPUS IF: 0.115). | 2018 |
| 2. | A.Zezova, | *Impact of personality on interpersonal relationships and support* | International Journal of Economics, Management and Tourism, Vol.1, No.1,pp, In print: ISSN 2671-3802, Online: ISSN 2671-3810 | 2022 |
| 3. | A.Zezova | *Great contemporary ethical debates* | "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", ISCTBL, 2023, Sixth International Scientific Conference, УДК: 17.02.01 17.02(497.7) | 2023 |
| 4. | A.Zezova | *Mass media and contemporary society - Mass communication feature of modern society* | "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", ISCTBL, 2023, Sixth International Scientific Conference УДК: 316.774:316.325(497.7) | 2023 |
| 5. | T.Boskov, **A.Zezova**, | *Developing Banking Industry through Human Capital Needs,* | International Journal of Business and Social Science,Vol.14,No1, March, doi:10.30845/ijbss.v14nlp1 | 2023 |
| 6. | D.Josheski,T. Boshkov, **A.Zezova**, | *Economy and asymmetric information: Mirrleesian optimal taxation as a asymmetric information problem* | International Journal of Business and Social Science,Vol.14,No1, March, doi:10.30845/ijbss.v14nlp1 | 2023 |

5. Потврда за познавање јазик: д-р Александра Жежова има доставено Уверение за познавање англиски јазик.

6. Објавен рецензиран универзитетски учебник од научната област за која се избира:

1. **Жежова, А**. Деловна етика и комуникација, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Р. Македонија, 2022, ISBN 978-608-244-944-9

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Александра Жежова е вработена на ФТБЛ при УГД од 2013 година, почнувајќи од доцент до вонреден професор. Била член на универзитетски и факултетски комисии. Нејзиниот научен интерес е од областа на комуникациите, медиумите и социо-психолошките аспекти на организацијата и личниот развој на вработените.

***Посебни услови за избор во звање редовен професор***

1. Под менторство изработени дипломски/магистерски тези: Во изборниот период, д-р Жежова била ментор на бројни дипломски трудови, член во комисија на магистерски, а тековно е ментор на еден магистранд.

2. Учествувала во научноистражувачки проекти: Во изборниот период д-р Жежова била активен учесник во тимот на проектот „Тур-ре-Тур", Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Стручно-апликативен проект организиран од страна на ФТБЛ при УГД - Штип за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот.

3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: Д-р Жежова до сега соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.

4. Има остварено минимум вкупно 100 поени (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Жежова има остварено за НО=40 поени, НИ=95 поени и САОР=146 поени, или вкупно= 281 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Во периодот 2013-2018 година, кандидатката д-р Жежова е вработена како доцент по група предмети од областа на деловното комуницирање на ФТБЛ при УГД - Штип (Одлука бр. 2602-1070/3 на 23.12.2013 г.), а од 2018 година до сега е вонреден професор за наставно-научната област деловно комуницирање и комуникации во туризмот (Одлука бр. 2102-398/3 од 8.10.2018 г.).

Од моментот кога е вработена на УГД - Штип, кандидатката учествувала во наставата на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ при УГД - Штип. Така, за време на изборниот период д-р Жежова ги покрива следните предмети на прв циклус студии на студиските програми Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам и Хотелско-ресторанска насока, во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје: *Деловна етика и комуникација, Организациска психологија, Симулација на донесување одлуки, Односи со јавноста, Психологија во туризмот и угостителството*. На втор циклус студии ги покрива следните предмети на студиските програми Бизнис логистика: *Комуникации во бизнис логистиката*, на студиската програма Бизнис администрација предметите: Комуникациски вештини и Обука и развој на вработените во бизнис администрацијата. На трет циклус студии на студиската програма Меѓународен туризам го покрива предметот *Комуникации во туризмот*.

Во изборниот период, кандидатката д-р Жежова за потребите на наставата на ФТБЛ при УГД - Штип има издадено повеќе учебници, скрипти, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебни помагала.

Под менторство на д-р Жежова изработени се многу дипломски трудови, ментор е на еден магистерски труд, со што покажува придонес во оспособувањето на млади истражувачки кадри. Нејзиниот научен интерес е од обласа на комуникациските аспекти во деловниот свет, влијанието на медиумите и социо-психолошките аспекти на организацијата и личниот развој на вработените.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Жежова како автор и коавтор има објавено голем број научни трудови објавени во меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник е во научноистражувачки проекти од национален интерес.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Александра Жежова ги има публикувано следните монографии, научни книги, учебници и поглавја од книги во земјава и во странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. **Жежова, А**. (2022) Деловна етика и комуникација, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Р.Македонија,   ISBN 978-608-244-944-9

Во ракописот се изнесени размислувања за современата економска и деловна динамика која бара сè поголема слобода, отвореност и либерализам на сите економски субјекти, кое подразбира висок степен на доверба, односно ја придвижува дилемата на односот помеѓу економијата и етиката. Отсуството на етичките норми во деловниот живот нанесува голема штета како на одделни компании, така и на вкупната светска економија. Деловната етика во моментов е многу реномирана деловна тема, а дискусиите и дилемите околу неа привлекуваат огромно внимание од различни засегнати страни. Во делот на деловното комуницирање изнесени се теоретски тврдења за процесот на комуникација, кој претставува функционален и неминовен предуслов за секој општествен систем и најзначаен базичен општествен процес, размена на знаења помеѓу луѓето, размена на идеи и искуства помеѓу поединците.

2. **Жежова, А**. (2021)*Тимското работење и позицијата на лидерот,* Штип, Печатница „2-ри Август", ISBN 978-608-4879-58-9

Ракописот е книга наменета за студентите кои ги изучуваат предметите Организациска психологија и Симулација на донесување одлуки. Основна цел е да се укаже на позитивното влијание на тимската работа врз економските постигнувања на организацијата, што особено се нагласува во последните неколку децении. Тимовите се незамисливи во денешни услови на работењето на организациите кои настојуваат да ја подобрат продуктивноста и општата конкретност на пазарот, како и да ја зголемат иновативноста. Тимовите ја користат можноста да го обединат значењето и вештините на различни членови на тимот и да создадат поголем ефект наспроти поединечен ефект на членовите. Имајќи ги предвид различните набљудувања на проблемот од свои аспекти се креираат повеќе солуции за решавање на проблемот отколку поединецот.

3. Јошевски, Д., **Жежова, А**. (2019), *Социјална економија (избрани теми),* е-скрипта, УГД, ISBN 978-608-244-369-0

Скриптата „Социјална економија (избрани теми)" е напишана за потребите на студентите на предметот Социјална економија на додипломските студии. Социјалната економија е гранка на економската наука која се занимава со начинот на кој економската активност влијае, но е и обликувана од општествените процеси. Економската дискриминација, сиромаштијата, нееднаквоста, човековиот развој се дел од темите кои се предмет на оваа скрипта, но и дел од темите на интерес на полето социјална економија. Социјалната економија во денешно време е многу релевантна област. Оваа област е од корист за студентите, но и за сите оние кои сакаат да се занимаваат со економска анализа на економските политики, и однесувањето на економските агенти и промената во индивидуалните функции на корисност кои произлегуваат од интеракцијата на општествените појави со економската активност.

4. Јошевски, Д., **Жежова, А**. (2019), Социјална економија, е-практикум, УГД, ISBN 978-608-244- 538-0

Во практикумот „Социјална економија" предмет на анализа е моделот на афирмативна акција Coate-Loury (1993) и две теории за невработеност. Првата е т.н. (search theory) според која невработеноста се случува поради проблемот на координација на поставувачите на цените (фирмите), моделите на Diamond (1982) и Akerlof (1985). Втората теорија е теорија на забошотување на Shapiro-Stiglitz (1984), според која невработеноста е недоброволна. Овој практикум содржи четири тематски поглавја, односно: моделот Coate-Loury (1993), Search equilibrium (моделот на трговци со кокосови ореви на Питер Дајмонд 1982), Дискриминаторски плати, врз основа на статус, меѓу традиционално ориентираните стохастични трговци и производители на кокосови ореви - моделот на Џорџ Акерлоф (1985) и моделот на забошотување на Шапиро и Стиглиц (1984).

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија:**

5. Boskov, T., **Zezova, A**., Serafimova, M. (2018) *Career Management and New Organization Perspectives.* Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 19 (165). pp. 110-113. ISSN 1582-2559, (SCOPUS IF: 0.115).

Во трудот се презентирани резултати од проценка на примена на концептот за кариерен развој кој нуди нови организациски перспективи во развојот на бизнис работењето на компаниите. Констатирано е генерално дека постои поврзаност меѓу професионалното унапредување на работењето на менаџерите, со фокусот на развој на компанијата како целина.

6. Пендаровски, М., **Жежова, А**., ***Феноменот на тишина во група***, Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Државин", Свети Николе – Битола, 2021, 12. Меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток – запад", УДК БРОЈ: 364.622-785.24:316.772.2-026.571, ISSN(принт) 1857-9299 ISSN (онлајн) 1857-9302

Овој труд ја разработува тишината како еден од најважните аспекти на невербалната комуникација, вид на невербална комуникација која е особено присутна во почетните фази од групната психосоцијална работа. Заедно со вербализацијата, тишината во групата претставува еден од најважните динамски двигатели на невербалната комуникација меѓу членовите на една група. Тишината е всушност мошне сложен групен феномен, кој не претставува само отсуство на говор, туку многу повеќе значи некаква порака, став на групата, мислење и чувство кон членовите, водачот, целите на групата или кон општата атмосфера во групата.

7. **A.Zezova**, ***Impact of personality on interpersonal relationships and support***, Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Shtip, 2022, **International Journal of Economics, Management and Tourism,** Vol.1, No.1,pp, In print: ISSN 2671-3802, Online: ISSN 2671-3810

Во овој труд, аспект е влијанието на личноста кон поединците и колку често тие комуницираат во социјални ситуации. Трудот најпрвин го испитува директниот ефект на личноста врз општествените односи низ низа меѓучовечки односи што се случуваат во текот на животниот век. Второ, ќе се фокусираме на тоа како личноста не само што влијае на општествените односи, туку и како социјалните односи исто така можат да ја обликуваат личноста. Ќе заклучиме со дискусија за понови методологии кои им овозможуваат на истражувачите истовремено да ги проучуваат и ефектите на личноста и социјалните односи. Презентираните димензии на личноста не се наменети да бидат исцрпни, туку се нудат како примери кога се разгледува поврзаноста помеѓу личноста и општествените односи во текот на целиот живот.

**8.** **A.Zezova**, ***The emotion system as a sub system of personality*****,** Faculty of Tourism and Business Logistics, Goce Delcev University – Shtip, 2022, Vol. 5 No. 1 (2022): Challenges of tourism and business logistics in the 21st century, ISCTBL 2022.

Трудот го истражува системот на емоции, кој се состои од механизам кој ја следи релевантноста на спознаените настани за желбите или мотивите на личноста и ги соопштува откриените промени поврзани со мотивот на други потсистеми на личноста и истовремено предлага одредена акција. Сепак, треба да се нагласи дека опишаните ефекти на емоциите врз мислата и делувањето во никој случај не се неизбежни. Ова размислување сугерира дека детерминантите на личноста на емоциите може исто така да содржат вообичаени стратегии или „стилови“ на регулирање на емоциите и на справување со емоционални настани, сугестија што е истражена во бројни студии. Регулирањето на емоциите и стиловите на справување се испитани за емоциите воопшто, за групите емоции (особено емоциите поврзани со стресот) и за специфичните емоции, особено лутината, анксиозноста и депресијата.

**9.** **A.Zezova**, ***Great contemporary ethical debates***, "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", ISCTBL, 2023, Sixth International Scientific Conference, УДК: 17.02.01 17.02(497.7)

Во современите општества, етиката или моралот, кои заземаат посебна позиција, поради очигледното отстапување помеѓу принципите на слобода и почитување на личноста, се чини дека се универзално прифатени, додека посебните морални убедувања не подлежат на никаков консензус. Таа ситуација е барем доказ за недовршената природа на секуларизацијата на моралот, од која голем дел останува дело на приватната или конфесионалната свест. Во големиот идеолошки хаос на современиот свет кој не успева да наметне некаков посебен морал, етиката на човековите права и демократијата - која во суштина е главната поука од варварството од минатиот век што ја извлековме - сѐ уште се појавува како последно прибежиште на човековата свест. Трудот ги прикажува различните аспекти на актуелните дебати за глобализацијата кои се поврзани со етичка одговорност. Кога конфликтот со традиционалните и религиозните идеологии или оние кои проповедаат враќање на традицијата веќе не се живи, може да имаме впечаток дека етиката, ослободена од каква било трансцендентна или партикуларистичка фиксација, всушност, станува втемелена во модерната политичка идеологија. Практичната цел на ова истражување беше да се добијат сознанија кои би послужиле како мотив или основа за понатамошни истражувања на овие теми.

10. **A.Zezova**, 2023, UGD**, *Mass media and contemporary society - Mass communication feature of modern society,*** "Challenges of tourism and business logistics in the 21st century", ISCTBL, 2023, Sixth International Scientific Conference УДК: 316.774:316.325(497.7)

Во овој труд предмет на истражување се медиумските информативни презентации и природата на масовните комуникациски содржини кои одамна не се плод на едноставна активност за собирање и опишување и која дава само елементарни извештаи и описи на општествениот живот. Комуникациските и информативните содржини и медиумската практика се надградија и се конституираа како повеќе од збирка на факти, повеќе од опишување настани. Во трудот се истакнува поврзаноста на медиумите и комуникациските и информациските системи со моралот. Од една страна, медиумската подготовка на известувањето треба да го следи моралот како деонтологија преку стандарди за откривање, собирање, одбрана и пласирање на вистината, информациите до јавноста, но и, од друга страна, медиумската структура треба да влијае на производството на морал, односно да се даде морално значење на пораката и етичко сомневање на самите општествени настани.

11. T.Boskov, **A.Zezova**, 2023, ***Developing Banking Industry through Human Capital Needs***, International Journal of Business and Social Science,Vol.14,No1, March, doi:10.30845/ijbss.v14nlp1

Трудот утврдува дека управувањето со човечки ресурси (HRM) во банкарскиот сектор мора да ги опфати стратешките програми за планирање на човечки ресурси со сите стратегии на банките. Ова го нагласува суштинското значење на дизајнирањето на ефективна политика за регрутирање со овие стратегии како формулирање и спроведување на активна политика за наградување. Исто така, банките треба да вклучат поактивна обука и развој на вработените.

Банкарскиот сектор, исто така, е интензивен на човечки капитал и игра клучна улога за банките во исполнувањето на нивните цели и нудење услуги на своите клиенти. Денес владеат брзиот напредок на технологијата, глобализацијата и принципите на напредокот на „економијата на знаење“.

Овој труд го прикажува влијанието на развојот на човечкиот капитал на вработените врз успехот во кариерата, гледано преку различни хиерархиски позиции во одреден сектор во овој случај - банкарската индустрија.

12. D.Josheski,T.Boshkov,**A.Zezova**, 2023, ***Economy and asymmetric information: Mirrleesian optimal taxation as a asymmetric information problem,*** International Journal of Business and Social Science,Vol.14,No1, March, doi:10.30845/ijbss.v14nlp1

Во овој труд ќе се разгледа Мирлезиското оптимално оданочување. Моделите во оптималната даночна теорија обично поставуваат дека даночниот систем треба да ја максимизира функцијата на социјалната благосостојба која е предмет на ограничување на владиниот буџет, земајќи предвид како поединците реагираат на даноците и трансферите. Џејмс Мирлис (1971) го лансираше вториот бран на оптимални даночни модели предлагајќи начин да се формализира проблемот на планерот кој експлицитно се занимава со ненабљудуваната хетерогеност меѓу даночните обврзници. Постојат статични и динамични верзии на овој модел, кои се разгледуваат во овој труд. Социјалната благосостојба е поголема кога ресурсите се подеднакво распределени, но редистрибутивните даноци и трансфери може негативно да влијаат на стимулациите за работа и заработување приход на прво место. Ова создава класичен компромис помеѓу правичноста и ефикасноста што е сржта на проблемот со оптималниот данок на доход од трудот.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавени трудови кои го потврдуваат афинитетот и стручноста за научноистражувачка дејност, д-р Жежова објавува и трудови во зборници на трудови на научни собири во земјата и во странство:

13. **Жежова, А**., ***Однесувањето на личноста и позицијата на работното место****,* Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, 2021, Меѓународна научна конференција „Предизвиците на туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, Зборник на трудови ISBN 978-608-244-824-4

Операционализацијата на управувањето со личноста, што често се извршува од страна на издавачите на комерцијални тестови и консултанти за управувањето со човечки ресурси, има позитивни и негативни аспекти кои се анализираат во овој труд за да ја илустрираме тензијата (а некогаш и оддалеченоста) меѓу психометриските истражувања и теории за личноста, и организациските практики во процена на личноста при нови вработувања, процена на изведбата и други клучни активности поврзани со однесувањето и позицијата на личноста. Исто така, во трудот се нагласува прашањето на проблематичните односи меѓу науката на истражувањето и теоријата на личноста од една страна, и практиката на проценка и мерење на личноста во организациите од друга страна.

**14. Жежова, А**., ***Убедување и менување став во преговарањето***, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2022, зборник DOI: https://doi.org/10.46763/YBFTBL2221006z

Една од поспецифичните карактеристики на интерперсоналната комуникација, но и во процесот на преговарање е убедувањето, односно намерата на најмалку еден од комуникаторите да ги промени мислењата, чувствата или однесувањата барем на една друга личност. Во овој труд се фокусираме на убедувањето и менувањето на ставот во преговарањето. Го дефинираме убедувањето на начин, како принципите и процесите со кои ставовите, верувањата и однесувањата се формирани, менувани или даваат отпор кон обидите на другите за влијание. Овие обиди се формирани да ги уверат целите на убедување, да прифатат позиција за некаков проблем кој се разликува од нивната моментална позиција. Убедувањето е различно од принудата, со тоа што убедувањето вклучува влијание кое е формирано да ги промени мислењата на луѓето, додека принудата вклучува влијание кое е креирано за да го промени однесувањето на луѓето.

Жежова во изминатите пет години има активно учество на стручни собири со реферати (постери/усно) во земјава и во странство:

15. Учество со реферат (усно) на Шеста меѓународна научна конференција на Факултетот за туризам и бизнис логистика, 2023, УГД.

Во својата научноистражувачка активност, д-р Жежова е учесник во следните научни проекти:

16. Тур-ре-Тур“, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Стручно-апликативен проект организиран од страна на ФТБЛ при УГД-Штип за организирање на сертифицирана настава за профилирање на стручни лица од областа на туризмот

17. Проектвопроектот„Можностииперспективизаразвојнатуризмотвосливот на Црна Река“ (проект на ФТБЛ, финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. 0307-98/77 од 1.11.2017 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 2102-675/6 од 1.12.2016 (ФНИП) (2017-2019))

18. Проект „Зголемување на пристапот и учеството на ученици Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“, Обука/работилница: Зимска школа за градење капацитети за настап на пазарот на труд 27.2 - 2.3.2020 г., учесник во проект на Romaversitas: „Зголемување на пристапот и учеството на ученици Роми во средното образование и транзиција на пазарот на труд“, одржани обуки за Форми на комуникација и комуникациски вештини и развој на комуникациски сектор за потребите на организацијата.

19. Проект на тема: Личен развој, подобрување на комуникациските вештини, групна кохезија, разрешување на конфликти во основните училишта на Општина Гази Баба (март - јуни 2023 г.).

20. Вебинар „Ковид, менталното здравје и lockdown стории: како да си помогнеме?“ 16.3.2021 г., Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

21. Одржано предавање на тема „Промените и предизвиците на современиот човек“, 29.9.2022 г., Ротари.

Во изборниот период, кандидатката д-р Жежова е член на повеќе факултетски органи и комисии, и тоа:

22. Член на Наставно-научниот совет при ФТБЛ, УГД – Штип.

23. Член на Комисија за самоевалуација на ФТБЛ.

24. Претседател на Одбор за акредитација за соработка и доверба со јавноста, 2016-2019 г.

25. Заменик-претседател на Дисциплинската комисија на Факултет за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-41/6 на 7.2.2021 г.).

26. Член на Факултетскиот одбор за соработка и доверба со јавноста на Факултет за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-92/4 од 24.4.2020 г.).

27. Член на Сенат прв мандат (Одлука бр. 2102-39/8 од 29.1.2020 г.) и втор мандат во тек (Одлука бр. 2102-89/5 од 6.4.2022 г.).

28. Раководител на Наставен центар – Скопје (Одлука бр.0202-339/19 од 22.3.2023 г.).

29. Член на Организациски тим за организирање Научно-стручна конференција на тема „Состојби и предизвици во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“ (Одлука бр. 2102-59/57 од 3.2.2016 г.).

30. Претседател на Комисија за оценување на магистерски труд на кандидатката Ивана Ананијева (Одлука бр. 2102-226/7 од 21.8.2019 г.).

31. Член на Редакциско тело на Годишен зборник на Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр. 2102-574/11 од 1.12.2016 г.).

32. Претседател на Комисија за оценување на магистерски труд на кандидатката Анетка Атанасова (Одлука бр. 2102-136/3 од 9.4.2019 г.).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која и беше доставена и констатира дека единствен пријавен кандидат е д-р Александра Жежова, вонреден професор.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Александра Жежова во целост ги исполнува условите предвидени со законските прописи за избор во звање редовен професор. Кандидатката д-р Жежова има континуирано научно напредување и извонредни научноистражувачки резултати во доменот на економскиот и организацискиот развој на менаџментот и претприемништвото. Таа активно публикува научни трудови со оригинални резултати во референтни меѓународни списанија. Воедно, кандидатката успешно одржува настава на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на прв, втор и трет циклус студии и е учесник во научноистражувачки проекти од областите на интерес. Оттука, Рецензентската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа д-р Александра Жежова има значителен придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност и ги има освоено потребните бодови, согласно со критериумите за бодување.

Согласно со претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Рецензентската комисијата со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, кандидатката **д-р Александра Жежова** да ја избере во звањето **редовен професор** за наставно-научната област **деловно комуницирање** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатката да биде избрана во наставно-научното звање редовен професор за претходно назначената област на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Андон Мајхошев, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Драган Груевски, редовен професор, член, с.р.
Д-р Живко Андревски, редовен професор, член, с.р.

**Табела за вреднување на активностите на д-р Александра Жежова (2018-2023)**

| Р. бр. | **Наставно-образовна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Избрана во звање вонреден професор | 40 | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Монографија или научна книга во земјата (реф. 2) | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Научен труд објавен во списание со ИФ<br>Трет автор (реф. 5) | 1x5 | | | | 5 |
| 3. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>Прв автор (реф.7, 8, 9,10,13,14)<br>Втор автор (реф.5, 6,11)<br>Трет автор (реф.12) | 6x9<br>3x6<br>1x3 | | | | 54<br>18<br>3 |
| 4. | Рецензент на научен труд | 5 | 1 | | | 5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **95** |
| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
| | | Во земјата | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Книга/учебник (реф. 4) | 1 | 10 | | | 10 |
| 2. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>во земјата и во странство | 2 | 2 | | | 4 |
| 3. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти)<br>во земјата (реф.16,17,19) | 3 | 5 | | | 15 |
| 4. | Елаборати и експертиза (обуки) | 5 | 2 | | | 10 |
| 5. | Член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови | 40 | 2 | | | 80 |
| 6. | Член на универзитетски тела (сенатор) | 1 | 5 | | | 5 |
| 7. | Раководител на Наставен центар | 1 | 4 | | | 4 |
| 8. | Член на факултетски орган, комисија (реф. 22, 23, 24, 25, 26, 29, 30, 31, 32) | 9 | 2 | | | 18 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **146** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **281** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 1.9.2023 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 1. Жена-затвореник во пенолошкиот систем на Република Северна Македонија | 1102-101/15 од 24.8.2023 год. | Доц. д-р Елена Максимова | Бојана Монева |
| | 2. Криминолошките текови за време на пандемијата Ковид-19 во Република Северна Македонија | 1102-101/16 од 24.8.2023 год. | Доц. д-р Елена Максимова | Деспина Димитровска |